З А П И С Н И К
од Сто седумдесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 5 јуни 2026 година

Скопје, јуни 2026 година

З А П И С Н И К
од Сто седумдесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 5 јуни 2026 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет - комуникација започна во 12:05 часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата учествуваа, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците и членовите на Владата, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата учествуваа и Адмир Шабани, заменик на министерот за одбрана, д-р Викторија Трајков, заменик на министерот за европски прашања, проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, Албрим Хоџа, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади и д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација.

На седницата не учествуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, д-р Беким Сали, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за здравство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација и Муамет Хоџа, министер за животна средина и просторно планирање.

*
*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за испитување и жигосување, односно обележување на огненото оружје и муницијата (*)

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

*           *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

Точка 1

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за испитување и жигосување, односно обележување на огненото оружје и муницијата (*) и условно го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и Министерството за внатрешни работи.

2. Се задолжува Министерството за економија и труд, усогласениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за испитување и жигосување, односно обележување на огненото оружје и муницијата (*), преку Министерството за европски прашања, да го достави на мислење до Европската комисија.

3. Се задолжува Министерството за економија и труд, по добивање на Мислењето од Европската комисија за истото да ја извести Владата.

Точка 2

По однос на оваа точка немаше предлози.

Точка 3

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

*

*           *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 12:20 часот.